Македонски Хералд
Macedonian Herald
БРОЈ 8 • ЈУЛИ 2014
JULY 2014 • ISSUE 8

МЕСНА ХЕРАЛДИКА • MUNICIPAL HERALDRY

# РАДОВИШ СО НОВ ГРБ И ЗНАМЕ

# RADOVIŠ WITH NEW ARMS AND FLAG





Општина Радовиш стана првата општина која доби грб и знаме во согласност со новиот месноxералдички систем според МХЗ.

The Municipality of Radoviš became the first one to have Arms and flag in accordance with MHS's new local heraldry system.

ФАЛЕРИСТИКА • PHALERISTICS

## МЕДАЛ ЗА ЗАСЛУГИ ЗА МАКЕДОНИЈА

## MEDAL FOR MERIT FOR MACEDONIA



МЕСНА ХЕРАЛДИКА • MUNICIPAL HERALDRY



## ШТИТОТ ВО МАКЕДОНСКАТА МЕСНА ХЕРАЛДИКА

## THE SHIELD IN MACEDONIAN MUNICIPAL HERALDRY

МХЗ е член на Меѓународната федерација на вексилолошки здруженија • MHS is a member of the International Federation of Vexillologic Association FIAV

CIGH МХЗ е член на Меѓународната генеолошка и хералдичка конфедерација • MHS is a member of the International Genealogic and Heraldic Confederation

# РАДОВИШ СО НОВ ГРБ И ЗНАМЕ

*Јован Јоновски*

**РАДОВИШ** својот прв грб го добил во текот на 1960-тите години, со целосно социјалистичка физиономија и симболика: планина, фабрика, рудник, житни полиња, афион, како и името на градот и неизбежните – датумот на ослободувањето и црвената ѕвезда, петокрака.




Првиот грб на Радовиш / The first Arms of Radoviš

Кон крајот на 90-тите години, Радовиш добива друг грб, којшто претставува еден од похералдичките територијални грбови во Република Македонија. Во него се искористени симболи, а не конкретни ликовни прикази на реални објекти.

Грбот го имаше следниот блазон: зелено, син лев тесен превез, порабен златно; врз сето тоа два тутунови листови еден над друг, златни. Во кантон, два златни вкрстени рударски чекани. Штитот е окрунет со златна јагодова круна со зелен ромб во средината. Под штитот, на зелена лента со златни букви има натпис „Радовиш – 1019“. Овој грб беше и единствениот меснохералдички грб во Република Македонија, којшто имаше круна и девиза.

Кон крајот на 2013 година, општина Радовиш распиша конкурс за нов грб и знаме на општината. Членовите на Македонското хералдичко здружение разгледаа неколку концепти коишто биможеле да ја претставаат општината на соодветен хералдички начин. Еден од пристапите беше искористување симбол, специфичен за општината Радовиш. Како уникатен симбол беше изнајден еден специфичен крст, аплициран на надворешниот олтарен ѕид на црквата Свети Илија во Радовиш. Тоа е претстава на крст, на којшто секој крак е придружен со два дополнителни елементи. Многу е веројатно дека тие два елемента се копјето и стап со сунѓер натопен во оцет, коишто се јавуваат на припи-




Првиот грб на Радовиш - ѕиден мозаик / The first Arms of Radoviš - mural mosaic

# RADOVIŠ WITH NEW ARMS AND FLAG

*Jovan Jonovski*

**RADOVIŠ** got its first Coat of Arms during the 1960s, with a fully socialist physiognomy and symbolism: a mountain, a factory, a mine, grain fields, poppies, as well as the name of the city and the inevitable, the date of the liberation and the five pointed red star.

In the late 1990s Radoviš got another Arms, which represents one of the more heraldic territorial Arms in Macedonia. It used symbols rather than specific visual representations of real objects.

The Arms were blazoned as: Vert, bendlet sinister Azure fimbriated Or, overall two tobacco leaves surmounted Or. In the canton two mining hammers in saltire Or. The shield is crowned with a golden strawberry coronet with rhombus Vert in the middle. Under the shield on a ribbon Vert with gold lettering is the inscription: „Radoviš - 1019“. This Arms was the only municipal Arms in the country which had a crown and a motto.

In late 2013, the Municipality held a contest for a new Coat of Arms and flag of the municipality. Members of the Macedonian Heraldry Society discussed several concepts that could represent the Municipality in an appropriate heraldic manner. One of the approaches was using a symbol specific to the Municipality of Radoviš.

As an unique symbol, a specific cross was unveiled, applied to the outside altar wall of the church of St. Elijah in Radoviš. It is a representation of a cross on which each arm is accompanied by two additional elements. It is likely that these two elements are the spear and stick with a sponge

шаниот грб на Исус Христос.

Симболот е преработен, графички стандардизиран и претставен со 4 краци, без подножје. Тој се блазонира како радовишки крст, којшто заедно со македонскиот (водочкиот) крст и симитовидниот крст од грбот на Крива Паланка, се трите специфични крста коишто си најдоа свое место во Хералдичкиот речник.

Грбот е работен од страна на повеќе членови на МХЗ: Иван Нацевски, Александар Гижаровски и Стојанче Величковски, под раководство на хералдот Јован Јоновски.



Вториот грб на Радовиш / The second Arms of Radoviš

Грбот е даден во три претстави: мал, што се состои само од штитот; среден, каде што над штитот се наоѓа и градска мурална круна; и голем грб, каде што околу средниот грб има венец од тутунови лисја, преплетен со лента во црвена и бела боја со градобрански мотив. Грбот се блазонира како: сребро, градобрански порабен црвен радовишки крст од истото.

Беше изработено и знаме за општината, опишано како градобрански расечено на црвено и бело; на второто црвен, радовишки крст. Односот на страните на знамето е 2:3.


Крстот од црквата Св. Илија Радовиш / The cross from St. Elijah Church in Radoviš

Според Македонскиот месенохералдички систем, градоначалникот добива штандарт, квадратно знаме со истиот блазон од грбот, и со однос на страните 1:1.

Црвената боја што е употребена на грбот и знамето, според стандардот на Светската асоцијација на вексилолошки здруженија е насловена како „мошне темна црвена боја“.

Симболите на општината Радовиш се усвоени со Одлука на Советот на општина Радовиш од 8.10.2013, објавена во Службен гласник на општина Радовиш, број 16/2013. ■


Припишан грб на Исус Христос / Attributed Arms of Jesus Christ

soaked in vinegar, which constitute the attributed Arms of Jesus Christ.

The symbol was reworked, standardized and graphically presented with 4 spokes, and without a base. It is blazoned as a Radoviš Cross, which together with the Macedonian (Vodoča) Cross and the Simit Cross of the Arms of Kriva Palanka are the three specific crosses that have found their place in the Macedonian heraldic dictionary.

The Coat of Arms was made by several members of MHS: Ivan Nacevski, Aleksandar Gižarovski and Stojanče Veličkovski, under the leadership of Herald Jovan Jonovski.

The Arms is presented in three forms: small, consisting only of the shield; middle, which has an urban mural crown above the shield, and large Arms which has a wreath of tobacco leaves around the middle Arms, intertwined with ribbon in red and white with an motif of an embattled line. The Arms is blazoned as: Argent, bordured embattled Gules, Radoviš Cross of the same.

Also, a flag was produced for the Municipality, described as: Per pale embattled Gules and Argent, on the second a Radoviš Cross gules. The ratio of the flag is 2:3.

According to the Macedonian local heraldic system, the mayor gets a Standard, a square flag with the same blazon as the Arms, and a ratio of 1:1.

The red color used on the Arms and the flag, according to the standard of the International Federation of Vexillological Associations is titled as „very dark red color.“

The symbols of the Municipality Radoviš were adopted with a decision of the Municipal Council of Radoviš on August 10th 2013 and published in the Official Gazette of the Municipality of Radoviš No. 16/2013. ■